

Поглед кон вештачката акумулација Козјак од планинскиот врв Фојник висок 1.400 m н.м.в.

Пореч (исто така познато и како **Поречие**, **Поречје**) е етногеографска област во западниот дел на Македонија, вдолж течението и целата долина на реката Треска.

Областа Пореч се наоѓа во западниот дел на Македонија, по долината на реката Треска од двете нејзини страни. На север областа се граничи со Скопската котлина, на исток со областа Азот и поширокиот велешки регион, на југо-исток со Прилепското поле,

на југ со Крушевско, на југо-запад со Кичевско и областа Копачка, а на северо-запад се граничи со Полошката котлина односно со Гостиварско и Тетовско. Од сите страни областа е заградена со планини и тоа, на север со Сува Планина (1189 м.), на запад со планините Сува Гора (1857 м.), Челоица (2061 м.) и Песјак (1917 м.), на југ со Бушева Планина (1788 м.) на која се наоѓа превалецот Барбарас кој ги двои Поречието и Прилепското поле, а на исток е оградена со масивот на Мокра Планина (Солунска Глава) односно планините Даутица (2074 м.) и Караџица (2217 м.). Релјефно целата област е котлина, односно ја опфаќа долината на реката Треска. Административно целата област е во составот на Општина Македонски Брод (од 1996 до 2004 година беше поделена помеѓу општините Македонски Брод и Самоков).

Областа од секогаш била населена со македонско христијанско население и слично како и областа Мариово во времето на Османското владеење не било забележано исламизирање, иако во многу блиски области тоа земало големи размери (Пласница и селата во Прилепското Поле). Според пописот од 2002 година, Поречје брои **7141 жител** од кои:

- Македонци 6927 (97,00%)
- Турци 181 (2,53%)
- Срби 22 (0,31%)
- Роми 3 (0,04%)
- Бошњаци 1 (0,01%)
- останати 7 (0,10%)

Голем дел на население од Пореч се има иселено во тетовското село Брвеница и околните тетовски села,

Тетово, Гостивар (особено населбата Циглана), Кичево, прилепските села во Општина Долнени, Прилеп, Скопје, а по Втората светска војна голем дел од населението на Пореч се има населено во Војводина (Качарево, Јабука, Пландиште) како колонизатори на испразнетите имоти на Германци.

Населението на главно се занимава со земјоделие и сточарство. Од полјоделските култури се одгледува пченката, тутунот и градинарските култури. Низ целата област богатството од најрзановиден вид на шуми ја прави дрвосечата за огрев и мебел една од главните стопански гранки. Најзастапени се листопадните шуми (околу 90%) и тоа костенот, оревот, буката, дабот итн. Индустријата е слабо развиена, главни индустриски

објекти во Пореч се фабриката „Сувенир“ од с.Самоков, и тутунската, текстилната и металопреработувачката кои се застапени во Македонски Брод. Со изградбата на хидроелектричната централа и вештачкото езеро Којзак, регионот стана и туристички познат. Пештерата Пешна, многуте спелеолошки богати процепи и пештери, манастирите и природните убавини придонесуваат за туристичката атрактивност на областа. Во помала мера застапено е и ископувањето на камен за градежништвото.

Население и населби во Пореч имало уште од старото камено време, за што се пронајдени остатоци од палеолитски населби. Од тоа време се пронајдени предмети во училишниот двор на селото Ижиште…

По доаѓањето на Турците во на балканот,во првиот период Пореч било дел од вазалното владетелство на Крале Марко. Од овој период сведочат остатоците од тврдина во пештерата Пешна, остатоци од тврдини на повеќе други места и повеќето манастири изградени во средновековниот период. Во средината на XIX век, позната македонска револуционерна дејност во Пореч создал познатиот македонски војвода Димче Латовче од селото Латово, кој се поврзал со една група на напредни револуцинери од Охрид, Крушево, Битола со кои планирале востанички акции во западниот дел на Македонија.

Кон крајот на XIX век и во почетокот на XX век, во Пореч била многу силна српската пропаганда. Српската пропаганда била толку силна што Пореч било познато и како „Мала Шумадија“. Но постоеле и неколку села во кои лежиште нашла бугарската пропаганда како на пример селото Локвица (познато и како „Мала Софија“).

По укинувањето на солунскиот фронт, германската и бугарската војска отстапуваат во 1918 година. Во Пореч се задржува српската војска. Формиран е Поречки Срез, за началник е поставен Боро Марковиќ. Срезот формира општини во истите места како во 1912 година. Претседателите на општините биле поставувани со декрет. Воспоставени биле: Општина Брод, Општина Дебреште и Пласничко-Рабетинска Општина. Општински избори биле спроведени на 28 август 1920 година.

На 28 ноември 1920 спроведени биле парламентарните избори. Поречкиот Срез немал свој кандидат, поради недоволен број на избирачи, затоа избираат кандидат од Тетовскиот Срез.

Во текот на Втората светска војна од Поречје имало голем број на македонски партизани, а на целото подрачје дејствувала шестата македонска бригада.

Етонграфски населението на Поречје спаѓа во брсјачката (берзитска) етногеографска група на Македонскиот народ. Населението бележи голема блискост и има многу сличности со населението од Охридско, а највеќе од областа Дебарца.

Дијалектот кој се говори во Поречје е еден од народните говори кои се најблиски до македонскиот литературен јазик (не се забележуваат србизми, турцизми и останати странски зборови). Поречкиот крај е богат и со народно творештво (легенди, преданија, песни, приказни), а дел од него е застапено и во збирката на Марко Цепенков. Како и останатите македонски области и Поречје има своја специфична народна носија.

Постојат неколку народни преданија за потеклото на името на областа.

Според едно народно предание името потекнува од самата место положба односно „по река“, т.е. по течението на реката (Треска) со додавката -ие (односно -је) за географска област со што се добило денешното име Поречје.

Според друго народно предание, името е добиено за време на османлиското владеење, по историскиот настан, кога туркската власт ги присилувала селаните да се потурчат. Тие прво се согласиле, а после, по укажувањата на поп Ковил од село Косово, порекле, откажале да ја прифатат исламската вера.

Поречје се дели на Горно и Долно Поречје, спротивно на месноста и течението на реката Треска, во долниот дел на Треска се вика Горно Поречје, а во горниот дел Долно Поречје.

Во Долно Поречје, од левата страна на реката Треска се селата: Ижиште, Ореовец, Русјаци, Брод (старо село), Требино, Девич, Грешница, Слатина, Манастирец,

Тополница, Горно Крушје и Долно Крушје, а од десната страна: Дворци, Пласница, Латово, Сланско, Дреновци, Локвица, Крапа, Црешнево, Модриште, Горна Белица и Долна Белица, Суводол, Драговдол и Вир.

Во Горно Поречје, од левата страна на реката Треска се селата: Самоков, Зркле, Звечан, Томино Село, Сушица, Лупште, Ковач, Бенче, Инче, Могилец, Горно Ботушје и Долно Ботушје, Битово, Заград, Растеш, Брест, Косово, Трбовле, Здуње, Рамне, а од десната страна: Тажево и Пуста Брезница.

Во Поречието влегуваат следниве села: Вир, Горни Манастирец, Долни Манастирец, Долно Крушје, Горно Крушје, Грешница, Драгов Дол, Девич, Дреново, Латово, Крапа, Модриште, Локвица, Сланско, Слатина, Суводол, Томино Село, Старо Село, Тополница, Требино, Црешнево, Ижиште, Русјаци, Ореовец, Самоков, Ковач, Бенче, Битово, Близанско, Брест, Волче, Горно Ботушје, Долно Ботушје, Зркле, Заград, Здуње, Звечан, Калуѓерец, Ковче, Косово, Лупште, Могилец, Тажево, Брезница, Требовље, Белица, Рамне, Растеш, Сушица, Инче.